# Народна банка на Република Македонија

# Месечна информација
# 04/2011

мај, 2011 година

**СОДРЖИНА**

*1. ЦЕНИ* ... 3
*1.1. Анкета за инфлациските очекувања* ... 5
*2. ПЛАТИ И ВРАБОТЕНОСТ* ... 7
*3. ЕКОНОМСКА АКТИВНОСТ* ... 9
*3.1. Останати високофреквентни податоци и показатели* ... 11
*4. БИЛАНС НА ПЛАЌАЊА* ... 16
*5. МОНЕТАРНИ АГРЕГАТИ* ... 22
*6. КРЕДИТИ НА БАНКИТЕ* ... 25
*7. КАМАТНИ СТАПКИ* ... 29
СТАТИСТИЧКИ ПРИЛОГ ... 33

## 1. ЦЕНИ

Динамиката на раст на **домашните цени** забави во април 2011 година. Така, **во однос на претходниот месец**, цените во април се повисоки за само **0,3%,** што главно се должи на повисоките цени на свежиот зеленчук, превозот на патници[1], услугите за образование и средствата за хигиена, при истовремено пониски цени на маснотиите, безалкохолните пијалаци и нафтените деривати[2]. **На годишна основа,** инфлацијата во април 2011 година изнесува **4,8%** (5,2% во март), при забавен годишен раст на цените на храната и на нафтените деривати. **Просечната стапка на инфлација** во првите четири месеци на 2011 година изнесува **4,3%** и се објаснува со повисоките цени на производите за исхрана, на горивата, струјата и парното.

**Во април 2011 година месечната стапка на базична инфлација** (инфлација без храна и енергија) забележа минимално засилување и изнесува **0,2%**. **На годишно ниво,** базичната инфлација во април изнесува **1,3%**, а минималното засилување во однос на мартовското ниво (1,2%) се должи на повисоките цени на средствата за хигиена[3] и ефектот од поскапувањето на такси-превозот. Сепак, **просечната базична инфлација** се задржа на нивото од 1%.

Вкупна и базична инфлација
(годишни стапки, во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и НБРМ.

---

[1] Советот на град Скопје на 14 март 2011 година донесе одлука за зголемување на цената на стартот (почетокот) на автотакси-превозот на патници од 20 на 40 денари.
[2] На 14.04.2011 година беше донесена привремена мерка за намалување на акцизата на бензините и дизел-горивото (за 4 денари и за 2 денари, соодветно), како и за намалување на надоместокот за задолжителни нафтени резерви (за 0,5 денари и за 0,2 денари, соодветно), со важност од четири месеци (до средината на август). Оваа мерка стана ефективна со одлуката на РКЕ од 15.04.2011 година.
[3] Повисокото ниво на овие цени произлегува од споредбената основа, односно во април минатата година тие забележаа поизразено намалување.

Остварената стапка на инфлација во април е во рамки на последните проекции на НБРМ за вториот квартал на 2011 година, за кој се очекува просечна стапка на инфлација во интервал од 5,0 до 5,5%.

**Цената на нафтата со забавен интензитет продолжи да расте и во април 2011 година,** достигнувајќи просечно ниво од 123,1 САД-долари за барел, што во споредба со нивото од претходниот месец (114,4 САД-долари за барел) претставува раст од 7,6%. Порастот на цената на суровата нафта во најголем дел е предизвикан од загриженоста на инвеститорите од социјалните немири во Северна Африка и Блискиот Исток, од понатамошното слабеење на американскиот долар, од повисокиот од очекуваниот раст на потрошувачката во САД во март, како и од објавата на Американската агенција за енергетика за пад на залихите на сурова нафта во САД, наспроти очекувањата за нивен пораст. Согласно со растот на цената на нафтата и на нафтените деривати на светските берзи, којшто беше посилен од апрецијацијата на денарот во однос на САД-доларот, на 26.04.2011 година Регулаторната комисија за енергетика (РКЕ) донесе одлука за зголемување на рафинериските и малопродажните цени на нафтените деривати во просек за 1,36% и 0,93%, соодветно.[4]

Движење на цената на нафтата „брент" за барел




Извор: Управа за информации за енергетиката (The Energy Information Administration) - статистичка агенција на Министерството за енергетика на САД.

Нагорниот тренд на цените на нафтата продолжи и во првата недела по 26.04.2011 година, но потоа цените започнаа да се намалуваат, поради што просечната цена на суровата нафта во периодот 27.04.-08.05.2011 година забележа пад во однос на претходниот двонеделен период и изнесуваше 121,3 САД-долари за барел. При истовремена апрецијација на денарот во однос на САД-доларот, на 09.05.2011 година

[4] Во меѓувреме, на 15.04.2011 година, РКЕ донесе вонредна одлука за намалување на рафинериските и малопродажните цени на нафтените деривати во просек за 0,04% и 3,38%, соодветно, поради одлуката на Владата на РМ од 14.04.2011 година за намалување на акцизата на бензините и дизел-горивото и намалување на надоместокот за задолжителни нафтени резерви.

Регулаторната комисија за енергетика донесе одлука за намалување на рафинериските и малопродажните цени на нафтените деривати во просек за 2,59% и 2,31%, соодветно. Во периодот од 09.05 до 17.05.2011 година цената на суровата нафта продолжи да се намалува, а просечното ниво изнесува 113,7 САД-долари за барел. Падот на цената на суровата нафта на светските берзи главно се должи на податоците со кои се доведува во прашање заживувањето на американската економија (во април е забележан пад на новите одобренија за градење, пад на станбената изградба, наспроти очекувањата за раст, како и пад на преработувачката индустрија), како и на порастот на залихите на нафта. Имајќи го предвид посилниот пад на цената на нафтата (6,6%) во споредба со депрецијацијата на денарот во однос на САД-доларот (3,1%), РКЕ на 23.05.2011 година донесе одлука за намалување на рафинериските и на малопродажните цени на нафтените деривати во просек за 4,06% и 3,21%, соодветно.

**Цените во евро-зоната** во април 2011 година забележаа зголемување за 0,6% на месечна основа, во најголем дел заради повисоките цени на облеката, горивата за транспорт и воздухопловниот превоз. На годишна основа, инфлацијата во евро-зоната бележи натамошно засилување достигнувајќи 2,8% (2,7% во март), што претставува највисоко ниво во последните 30 месеци. Воедно, со априлското остварување, инфлацијата веќе пет месеци во континуитет се одржува над инфлацискиот таргет од 2% на Европската централна банка. Јакнењето на инфлациските притисоци во евро-зоната е условено од повисоките цени на енергенсите (горивата за транспорт, нафтата за домаќинствата, електричната енергија и гасот).

Годишни стапки на инфлација и цени на исхраната во евро-зоната и во Македонија
(во %)




Извор: ЕУРОСТАТ и ДЗС.

### *1.1. Анкета за инфлациските очекувања*

Според Анкетата за инфлациските очекувања спроведена во април 2011 година[5], најголем дел од испитаниците (53,3%) очекуваат дека на крајот на **второто тримесечје**

[5] Анкетата имаше респонзивност од 61,6%, односно на анкетата одговорија 45 од 73 испитаници. Гледано по групи испитаници, кај банките респонзивноста е 85,7%, потоа следуваат економските аналитичари со 61,5%, а најмала респонзивност има кај претпријатијата (58,5%).

**на 2011 година** годишната стапка на инфлација ќе се зголеми во однос на нивото остварено во март 2011 година од 5,2%. Нешто повеќе од една третина од испитаниците (35,6%) сметаат дека инфлацијата ќе остане непроменета, а мал дел (8,9%) очекуваат нејзино намалување. Од аспект на очекувањата по одделни групи испитаници, одговорите кај ***аналитичарите*** се подеднакво распределени помеѓу алтернативите за зголемување и за непроменетост на инфлацијата во однос на март 2011 година. Поголем дел од ***претпријатијата*** очекуваат зголемување на инфлацијата (48,4%), малку повеќе од една третина (35,5%) имаат очекувања за стабилна инфлација, а околу 13% имаат очекувања за пониска инфлација. За разлика од аналитичарите и претпријатијата, најголем дел од очекувањата на анкетираните ***банки*** (83,3%) се во насока на пораст на инфлацијата, а остатокот се однесува на стабилни инфлациски очекувања. *Економските субјекти очекуваат дека во јуни 2011 година годишната стапка на инфлација ќе изнесува околу 5,4%.*

Распределба на одговорите за инфлациските очекувања по групи на испитаници

*за второто тримесечје на 2011*




*за целата 2011 година*




Извор: НБРМ, Анкета за инфлациските очекувања.

Во однос на очекувањата за **целата 2011 година,** 66,7% од испитаниците очекуваат засилување на инфлацијата во однос на просечната инфлација во првиот квартал од годината, помал дел (17,8%) очекуваат нејзино стабилизирање, а 11,1% од испитаниците очекуваат пониска инфлација. Притоа, две третини од анкетираните ***банки*** очекуваат засилување на просечната инфлација до крајот на 2011 година. Преостанатиот дел од анкетираните банки е подеднакво распределен помеѓу алтернативите за намалување и за непроменетост на инфлацијата до крајот на годината. Исто така, поголем дел од ***аналитичарите*** (62,5%) имаат позитивни очекувања за инфлацијата до крајот на 2011 година, една четвртина од нив очекуваат намалување на инфлацијата, додека преостанатите очекуваат дека инфлацијата ќе се задржи на постојното ниво. Истовремено, околу 67,7% од ***претпријатијата*** очекуваат повисока стапка на инфлација, 19,4% имаат очекувања за стабилност, додека 6,5% очекуваат нејзино намалување. *Просечната стапка на инфлација во 2011 година, врз основа на очекувањата на економските субјекти, изнесува околу 4,6%, што претставува засилување во однос на*

*очекувањата за инфлација од околу 3,5% во претходната анкета, спроведена во февруари 2011 година.*

Очекувања за просечната стапка на инфлација на крајот на вториот квартал од 2011 година и остварена просечна инфлација во првиот квартал од 2011 година
(во %)




Извор: НБРМ, Анкета за инфлациските очекувања и ДЗС.

Како најчесто потенцирани фактори, коишто влијаеле врз економските субјекти во насока на повисоки инфлациски очекувања се: глобалната геополитичка состојба, односно проширувањето на немирите од Северна Африка на Блискиот Исток, поради што има очекувања за понатамошен раст на цените на енергенсите; очекувањата за раст на цената на храната на светските берзи; претпоставките дека преносниот ефект од зголемувањето на цените на нафтата и електричната енергија врз останатите цени не е во целост исцрпен; очекувањата за ново зголемување на цената на електричната енергија и можен нагорен притисок врз цените од претстојните парламентарни избори.

## *2. ПЛАТИ И ВРАБОТЕНОСТ*

Во февруари 2011 година, номиналните просечни **нето и бруто-плати забележаа номинален месечен пад од 2,8%** (реален пад од 3,7%), што претставува засилена негативна динамика на платите, како во номинални, така и во реални показатели. Со исклучок на индустријата каде што е забележан минимален пораст, нето-платата во останатите сектори бележи намалување (за 3,6% во земјоделството и за 2,9% кај услугите). На ниво на гранки[6], најголемо месечно намалување на нето-платата е забележано кај „финансиски дејности и дејности на осигурување“[7] (16,5%), „снабдување

[6] Државниот завод за статистика од јануари 2011 година ја примени новата Национална класификација на дејностите (НКД рев. 2) за прибирање и обработка на податоците за просечната месечна исплатена нето и бруто-плата.
[7] Намалувањето произлегува од повисоката споредбена основа во јануари кога се вршат исплати на бонуси во оваа дејност.

со електрична енергија, гас, пареа и климатизација" (8,6%), како и кај „административни и помошни услужни дејности" (4,1%). Позначителен месечен пораст на нето-платата е забележан кај дејноста „рударство и вадење на камен" (17,2%).

Номинални и реални годишни стапки на раст на нето-платите*
(во %)




* За 2009 година, прикажани се коригираните стапки на раст.
Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и пресметки на НБРМ.

**На годишно ниво** е забележан раст кај номиналната нето и бруто-плата од 1% и 0,9%, соодветно (реален пад од 2,8%, подеднакво), во услови на позначително забавување на годишната номинална стапка на раст на платите и натамошно засилување на инфлацијата. **Збирно**, **во првите два месеца од годината**, нето и бруто-платите се повисоки за 0,7%, односно 0,6%, номинално (реално намалување од 2,8% и 2,9%, соодветно).

Просечна нето-плата по сектори
(годишни промени, во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и пресметки на НБРМ.

## 3. ЕКОНОМСКА АКТИВНОСТ

**Поволните движења кај индустриското производство продолжија и во март 2011 година, со зголемен интензитет и опфат. Месечната стапка на раст достигна 20,5%** (7,1% според сезонски прилагодените податоци), при што производството е зголемено кај 21 од вкупно 27 индустриски гранки, или 90,5% од вкупниот индекс. Најголем позитивен придонес има производството на метали и метални производи, електрична опрема, прехранбени производи и градежни материјали (неметални минерални производи).

Индекс на индустриското производство
(месечни нивоа, 2005=100)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.

**Растот на индустриското производство забрза и на годишна основа, а стапката достигна 24,5% (10,9% во февруари 2011 година).** Притоа, зголемено производство е забележано кај две третини од гранките, коишто сочинуваат речиси 74% од индексот. Производството на металната индустрија и натаму е главен носител на растот на годишна основа, надополнет со значителен придонес од зголеменото производството на електрична опрема, нафтени деривати[8], облека, останата опрема за транспорт, метални производи, тутун и на електрична енергија. Во согласност со ваквите движења, **во првиот квартал на 2011 година, индустриското производство оствари годишен раст од 13,8%.**

Во март 2011 година, **оценките на раководителите од преработувачката индустрија**[9] се значително поповолни во споредба со претходниот месец, што е во согласност со остварувањата во индустриското производство. Така, во услови на поповолни оценки за тековна економска состојба во март 2011 година, оценето е зголемено просечно искористување на капацитетите. Од аспект на ограничувачките фактори, намалено е влијанието на недоволната странска побарувачка и конкурентниот увоз, но зголемен е недостигот на суровини и опрема. Очекувањата на раководителите за обемот на производството во вториот квартал на 2011 година се значително поповолни во споредба со нивните очекувања за претходниот квартал и се на нивото на очекувањата присутни во периодот пред почетокот на кризата. Воедно, за наредниот квартал раководителите очекуваат раст на вработеноста во индустријата и повисоки продажни цени.

Годишни стапки на промена на индустриското производство и БДП
(во %)




---

[8] Производството на нафтени деривати во март 2011 година е повисоко за 7,4 пати во однос на март 2010 година, кога производството беше намалено поради редовен ремонт на постојните капацитети.
[9] Од Анкетата за деловните тенденции во преработувачката индустрија на ДЗС од март 2011 година.

## *3.1. Останати високофреквентни податоци и показатели*

***Од аспект на останатите сектори од економијата, движењата во февруари 2011 година покажуваат забрзување на и досега високиот годишен раст кај градежништвото и повторно враќање во зоната на позитивни стапки на промена кај трговијата на големо, наспроти поизразеното забавување на годишниот раст кај трговијата на мало и кај телекомуникациите.***

Месечен пад на прометот во **трговијата на мало**[10] во февруари од 2,9% и забавување на годишната стапка на раст (на 36,8%, од 41,9% во јануари)...




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.

....при месечен раст на **прометот во трговијата на големо** од 17,1% и мал годишен раст (од 1,2%, наспроти пад од 21,4% во јануари).




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.

Месечен раст на вредноста на извршените работи во **градежништвото** во февруари од 3,6% (сезонски прилагодено) и засилување на трендот на висок годишен раст од 86,2% (49,6% во јануари)...




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.

...при месечен раст кај **телекомуникациите** од 2,2% (сезонски прилагодено) и значително забавување на годишниот раст (на 7,2%, од 21,6% во јануари).




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.

[10] Од јануари 2011 година е направена методолошка промена во прибирањето на податоците за трговијата. Притоа, променета е периодиката на прибирањето на податоците и направено е проширување на примерокот, но опфатени се само фирмите коишто се регистрирани за вршење трговија како главна дејност.

**Остварувањата на годишна основа во првите два месеца на 2011 година** се во насока на голем раст кај градежништвото и трговијата на мало забавување на растот кај телекомуникациите и пад кај трговијата на големо.




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.

Вредноста на **издадените одобренија за градење** во март 2011 година е пониска за 35,9% на годишна основа (висока споредбена основа). Сепак, одобренијата во високоградбата, како најголема ставка, бележат годишен раст, како позитивен сигнал за градежната активност во наредниот период.




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.

***Динамиката на расположливите податоци за индикативните категории за побарувачката упатува на натамошен раст на економската активност во првиот квартал на 2011 година, што е во согласност со проекцијата од април.*** Движењето на индикативните категории за личната потрошувачка во текот на првиот квартал на 2011 година упатува на раст на **личната потрошувачка**, во согласност со очекувањата. Имено, освен реален годишен пад кај платите и пензиите, кај сите останати индикативни категории е забележан раст.

**Индикативни категории за личната потрошувачка**
(реални годишни стапки, во %)

| Период\Показател | Лична потрошувачка | Кредити на население | Просечна нето-плата | Приватни нето-трансфери | Пензии | Трговија на мало | Приходи од ДДВ | Увоз на стоки за широка потрошувачка | Домашно п-во на потр. добра |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кв.1 | 0,6 | -0,2 | 2,8 | 112,9 | 2,5 | 27,7 | -0,1 | 2,4 | -5,8 |
| Кв.2 2010 | 3,4 | 1,4 | 1,1 | 33,8 | 2,1 | 1,5 | 23,1 | 16,2 | -7,5 |
| Кв.3 2010 | 4,1 | 2,3 | 1,1 | 4,7 | 0,0 | 4,4 | 6,0 | 20,3 | 2,5 |
| Кв.4 2010 | -3,1 | 2,3 | 0,7 | 1,3 | 0,0 | 39,6 | -4,2 | 2,3 | 2,7 |
| Кв.1 2011 | / | 2,5 | -1,8* | 1,2* | -0,9 | 33,8* | 15,1 | 1,3 | 8,2 |

Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.
* Податоците се однесуваат на јануари-февруари 2011 година.

Во првото тримесечје на 2011 година, сите показатели за **инвестициската активност** бележат реален годишен раст, што упатува на забрзување на годишната динамика на инвестициите во првиот квартал, како што беше предвидено со априлската проекција. Имено, продолжуваат позитивните остварувања кај странските директни инвестиции[11] и градежните работи, при засилена кредитна поддршка на претпријатијата и стимул преку државните инвестиции. Зголемената инвестициска активност е поддржана и од годишниот реален раст на увозот и засилениот раст на производството на капитални добра.

| Период\Показател | Бруто инвестиции | Долгорочни кредити на претпријатијата | Странски директни инвестиции | Државни капитални инвестиции | Увоз на средства за работа | Извршени градежни работи | Домашно производство на капитални п-ди | Залихи на готови производи во индустријата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кв.1 2010 | -43,8 | 4,5 | -62,8 | 24,0 | -35,5 | 7,1 | -27,7 | -3,3 |
| Кв.2 2010 | 0,2 | 7,8 | -82,5 | -26,4 | -12,4 | -8,4 | -5,9 | -16,5 |
| Кв.3 2010 | 4,4 | 8,8 | 26,1 | 73,8 | 1,7 | 33,5 | -12,7 | -3,2 |
| Кв.4 2010 | 13,5 | 9,1 | 4,8 пати | -1,5 | -9,6 | 17,0 | 5,1 | -0,9 |
| Кв.1 2011 | / | 10,3 | 77,3* | 18,9 | 7,7 | 62,3* | 64,5 | -5,8 |

Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.
* Податоците се однесуваат на јануари-февруари 2011 година.

Намалените трошења за плати и за стоки и услуги се во прилог на очекувањата за мал негативен придонес на **јавната потрошувачка** кон растот на економската активност и во првиот квартал на 2011 година.

**Индикативни категории за јавната потршувачка**
(реални годишни стапки, во %)

| Период\Показател | Јавна потрошувачка | Плати | Стоки и услуги | Фонд за здравство | Други трансфери |
|---|---|---|---|---|---|
| Кв.1 2010 | -0,5 | 2,9 | -1,1 | -4,1 | -12,2 |
| Кв.2 2010 | -7,7 | -3,5 | -29,7 | -2,6 | 15,6 |
| Кв.3 2010 | -0,4 | -3,0 | 2,3 | 8,6 | -7,8 |
| Кв.4 2010 | -3,3 | -3,4 | -10,8 | 4,9 | 7,5 |
| Кв.1 2011 | / | -4,0 | -9,5 | 0,5 | 8,3 |

Извор: Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

[11] Се однесува на СДИ во вид на акционерски капитал.

Остварувањата кај **нето-извозот,** врз основа на податоците од надворешнотрговската размена за првото тримесечје на 2011 година, упатуваат на негов негативен придонес кон економскиот раст, при значително проширување на трговскиот дефицит (за 55%, номинално), во услови на поголем годишен пораст на увозот во споредба со извозот.

Нето-извоз, годишни номинални промени
(во милиони денари, по тековни цени)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.

Во април 2011 година **показателот на доверба**[12] е зголемен за 1,1 процентен поен во однос на март, кога показателот достигна најниско ниво од почетокот на 2010 година наваму. Ваквите резултати произлегуваат од поповолните очекувања за финансиската и економската состојба и штедењето на домаќинствата во наредните дванаесет месеци.

[12] Од Анкетата за мислењето на потрошувачите на ДЗС од април 2011 година.

Показател на довербата на потрошувачите[13]




Извор: Државен завод за статистика.

---

[13] Показателот на довербата во Анкетата за мислењето на потрошувачите се пресметува како аритметичка средина од балансите (изразени во процентни поени) на одговорите на прашањата за финансиската состојба на домаќинствата, општата економска состојба на земјата, очекувањата за невработеноста и штедењето во наредните дванаесет месеци.

## 4. БИЛАНС НА ПЛАЌАЊА

**Во првите два месеца на 2011 година дефицитот на тековната сметка на билансот на плаќања изнесуваше 170,4 милиони евра, или 2,3% од БДП.** Во однос на истиот период од 2010 година дефицитот беше повисок за 104,7 милиони евра (или за 1,3 п.п. од БДП). Главен фактор за проширувањето на дефицитот е зголеменото негативно салдо во размената на стоки, при подобрен биланс на услугите. Кај подбилансот на доходот е забележан понизок дефицит во споредба со истиот период од претходната година, додека подобрување има и кај нето-приливите од тековни трансфери, коешто во поголем дел произлегува од повисоките официјални трансфери.













Извор: НБРМ.

**Во споредба со проекцијата на билансот на плаќања од април 2011 година, остварениот дефицит на тековната сметка во периодот јануари - февруари изнесува 73,1% од планираниот износ за првото тримесечје на годината.** Притоа, треба да се нагласи дека во априлската проекција веќе беа инкорпорирани податоците за првото тримесечје од трговската размена на стоки со странство и нето-откупот на менувачкиот пазар (којшто е оценка за нето-ефективата). Останатите категории на тековната сметка бележат позитивни отстапувања од

проекцијата. Така, во периодот јануари и февруари, кај размената на услуги се забележани поголеми нето-приливи отколку оценетите, а позитивно отстапуваат и тековните трансфери, заради повисоките официјални трансфери во однос на планираните. Истовремено, остварениот дефицит кај доходот е понизок од предвидениот со априлската проекција (види табела 2).

**Дефицитот на тековната сметка во периодот јануари - февруари 2011 година целосно беше покриен со нето-приливите на капиталната и финансиска сметка (без промените во официјалните резерви), коишто изнесуваа 181,2 милиона евра, или 2,4% од БДП.** Според аналитичката презентација на билансот на плаќања[14], капиталните нето-приливи беа незначително пониски на ниво од 178,2 милиони евра. Најголем дел од нето-приливите потекнуваа од странските директни инвестиции (околу 60% од меѓукомпаниското задолжување, а остатокот од новите вложувања во акционерски капитал и од реинвестираната добивка), додека значителен дел од увозот беше покриен и со трговските кредити (74,4 милиони евра). Во рамки на финансиските заеми, нето-користења се остварија кај заемите на долг рок, додека кај краткорочните заеми беа забележани нето-отплати. Незначителни нето-приливи беа остварени врз основа на портфолио-инвестиции, додека кај валутите и депозитите имаше нето-одливи. **Нето-приливите на капиталната и финансиска сметка (без промените во официјалните резерви) во анализираниот период беа повисоки речиси за 3 пати од минатогодишните, додека според аналитичката презентација[15], забележаа уште позначителен раст од околу 4,4 пати.** Ваквата динамика е резултат на годишното зголемување на повеќето финансирачки компоненти, со исклучок на валутите и депозитите и краткорочните заеми (кај коишто се забележани нето-одливи, наспроти нето-приливите во истиот период од 2010 година). **Во споредба со априлската проекција, капиталните нето-приливи претставуваат 82,7% од проектираниот износ за првите три месеци на 2011 година.** Имено, остварените нето-приливи врз основа на странски директни инвестиции и долгорочни заеми веќе ги натфрлуваат проектираните износи, а нагорни отстапувања од проекцијата се забележани и кај трговските кредити, како и кај портфолио-инвестициите (нето-приливи, наместо очекуваните нето-одливи). Воедно, позначително отстапување во спротивна насока е забележано кај краткорочното задолжување, во чиишто рамки досега се остварени нето-одливи, наспроти проектираните нето-приливи за тримесечјето (види табела 2).

[14] Според аналитичката презентација на билансот на плаќања, категоријата „достасани неплатени обврски" (ДНО), „валути и депозити на монетарна власт" и „користења и отплати на заемите од ММФ" се наоѓаат под линијата во финансирањето и не се составен дел од капиталната и финансиска сметка.
[15] Разликата во интензитетот на растот се должи на категоријата ДНО, коишто во аналитичката презентација се под линијата.







Извор: НБРМ.

**Тековната состојба на бруто девизните резерви од 30.04.2011 година изнесува 1.877,2 милиона евра**, што во однос на крајот на 2010 година претставува зголемување за 162,7 милиони евра. Ваквата позитивна промена на девизните резерви главно е резултат на трансакциите за сметка на државата (односно повлечените средства од кредитната линија за претпазливост на ММФ), а во помал дел и на растот на задолжителната резерва на банките во девизи, приходите од инвестициите на девизните резерви[16] и на останатите трансакции. За намалување на резервите придонесоа негативните валутни промени и промените на цената на златото, девизните депозити на банките кај НБРМ и интервенциите на НБРМ на девизниот пазар.







---

16 Ги опфаќа остварените приходи (камати на депозити, исплатени купони од хартии од вредност и остварени ценовни промени) и неостварените ценовни промени на хартиите од вредност.




**Според најновите податоци од менувачкиот пазар, во текот на април 2011 година остварениот нето-откуп на девизи изнесуваше 70,7 милиони евра, што претставува намалување од 22,3% на годишна основа**. Главен фактор за намалувањето е понудата на девизи, којашто и понатаму бележи намалување на годишна основа (за 19,5%), додека побарувачката за девизи и во април го задржа трендот на годишно намалување (за 11,2%, којшто започна од јуни 2009 година), со што имаше позитивен придонес за нето-откупот на девизи. Сумирано, во периодот јануари - април 2011 година, нето-откупот на менувачкиот пазар изнесува 236 милиони евра, што претставува годишно намалување од 13,1%.







Извор: ДЗС и НБРМ

**Податоците за надворешнотрговската размена за првото тримесечје од 2011 година укажуваат на засилување на годишниот раст на увозот на стоки (од 45,9%, наспроти 20,1% во претходното тримесечје) и стабилизирање на растот на извозот (раст од 41,2%, наспроти 41,1% во претходното тримесечје).**[17] Согласно со движењата на увозот и извозот, негативното салдо во размената на стоки се прошири за 53% на годишна основа. **Анализирано од аспект на салдата според СМТК**, *повеќе од половината од проширувањето на трговскиот дефицит (58%) се должи на проширениот дефицит во размената на обоени метали,* условен од работењето на новата инвестиција „гринфилд" во слободната економска зона, како и на проширениот дефицит во размената на нафта и производи од нафта (придонес од 30%, во услови на пренесен надворешен шок од растот на цената на нафтата на светските берзи и зголемен увоз на количини). Анализирано од аспект на **економската намена**, најголем придонес за годишниот раст на **увозот** има растот на увозот на индустриски суровини, при што е забележано историски највисоко ниво на увоз на суровини. Помал

[17] Кварталните нивоа на остварениот извоз и увоз, во првото тримесечје на 2011 година, ги надминаа просечните квартални нивоа на извоз и увоз од 2008 година, кога беше забележана рекордно висока надворешнотрговска размена. Во првото тримесечје, годишниот раст на увозот го надмина растот на извозот, којшто забележа побрзи годишни стапки на закрепнување во текот на 2010 година.

придонес кон растот на увозот имаше увозот на енергенти (нафта и производи од нафта и електрична енергија), додека најмал, и речиси идентичен, придонес имаат увозот на производите за лична потрошувачка (храна) и инвестициските производи (машини и транспортни уреди). Од аспект на факторите коишто ја условија годишната динамика на **извозот**, најзначаен е извозот на суровини и интермедијарни производи од домашната индустрија (хемиски материи и производи и железо и челик), додека умерен раст бележи извозот на производите за лична потрошувачка (облека и храна), енергентите (нафта и производи од нафта и електрична енергија) и инвестициските производи (машини и транспортни уреди).

| *Салда по трговски партнери* | Кв1.2010 | Кв1.2011 | годишна промена | | придонеси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | во милиони евра | | во милиони евра | % | п.п. | % |
| **ВКУПНО** | **-326,2** | **-499,2** | **-173,0** | **53,0** | **53,0** | **100,0** |
| **Европска унија** | **-118,2** | **-216,5** | **-98,3** | **83,1** | **30,1** | **56,8** |
| Германија | 12,3 | 86,9 | 74,6 | 7 пати | -22,9 | -43,1 |
| Грција | -20,4 | -41,4 | -21,0 | 103,1 | 6,4 | 12,1 |
| Шпанија | -1,6 | 3,9 | 5,5 | -341,2 | -1,7 | -3,2 |
| Италија | -15,5 | -11,4 | 4,1 | -26,6 | -1,3 | -2,4 |
| Словенија | -20,8 | -12,7 | 8,1 | -38,9 | -2,5 | -4,7 |
| Бугарија | 9,2 | -16,9 | -26,1 | -283,6 | 8,0 | 15,1 |
| Белгија | 13,3 | 6,4 | -6,9 | -51,9 | 2,1 | 4,0 |
| Велика Британија | -24,1 | -158,6 | -134,5 | 6,6 пати | 41,2 | 77,7 |
| **Останати развиени** | **-37,6** | **-26,3** | **11,3** | **-30,1** | **-3,5** | **-6,5** |
| **ЕФТА** | **-12,6** | **-25,2** | **-12,6** | **99,7** | **3,9** | **7,3** |
| **Западен Балкан** | **53,3** | **42,7** | **-10,6** | **-19,9** | **3,3** | **6,1** |
| **Земји во развој**** | **-203,7** | **-263,7** | **-60,0** | **29,5** | **18,4** | **34,7** |
| **Неразвиени земји** | **-7,4** | **-10,2** | **-2,8** | **38,4** | **0,9** | **1,6** |

* САД, Јапонија, останати развиени земји;** Русија, Украина, Турција, останати земји во развој

Извор: ДЗС и НБРМ.

**Анализата на размената на РМ според групации на трговски партнери за првото тримесечје на 2011 година укажува на проширување на дефицитот во размената на стоки со ЕУ за 98,3 милиони евра, или за 83% на годишна основа.** Најголем придонес за проширувањето има растот на увозот од Велика Британија, додека помал придонес имаше и проширувањето на дефицитот во размената со Бугарија и Грција. Наспроти ова, од вкупно дваесет и седумте членки на ЕУ, РМ оствари подобрување на салдата во размената (на годишна основа) со вкупно шеснаесет земји-членки на ЕУ, од кои со девет земји-членки е остварен суфицит (најзначаен со Германија). Наспроти ова, трговскиот суфицит од размена со земјите од Западен Балкан бележи намалување, заради проширувањето на дефицитот во размената со Србија и намалувањето на трговскиот суфицит во размената со Босна и Херцеговина.

**Во првото тримесечје од 2011 година, реалниот ефективен девизен курс на денарот пресметан според индексот на трошоци на живот (РЕДК_ТЖ) апрецира за 0,9% на квартална основа**, што во услови на депрецијација на номиналниот ефективен девизен курс (НЕДК) од 0,6%, се должи на повисокиот раст на домашната од странската инфлација. На годишна основа, овој индекс продолжува да депрецира, но со забавено темпо (за 1,1%). **РЕДК мерен преку цените на производителите на индустриски производи (РЕДК_ЦП) забележа квартална апрецијација од 1,6%**, условена од односот на релативните цени, односно од посилниот раст на цените на домашните производители од растот на цените на странските производители на индустриски производи. На годишна основа, овој индекс на РЕДК забележа забрзување на апрецијацијата (од 2,6%).







Извор: НБРМ, ИФС за мај 2011 година и ДЗС на Република Македонија. За оние земји за кои нема расположливи податоци од ИФС, податоците се земени од интернет-страниците на соодветните централни банки или од ЕУРОСТАТ.

**Во април 2011 година, ценовниот индекс на металите и минералите[18] забележа месечен раст**, во чиишто рамки раст, освен цените на среброто и на железната руда, имаа и цените на калајот и алуминиумот (заради ограничената понуда). По земјотресот во Јапонија, кога мартовската просечна цена на челикот се зголеми заради очекувањата за засилени реконструкции и градежните зафати на среден рок (а со тоа, и побарувачка на метали), во април цената на челикот забележа месечен пад од 3,7%. Главни фактори за падот на цената се растот на залихите и слабиот увоз од Кина, во услови на затегнување на кинеската монетарната политика. Во април, веќе втор месец цените на бакарот и никелот бележат месечен пад (од 0,4% и 1,8%, соодветно, по нивните изразено високи нивоа во февруари). **На почетокот на мај, цените на металите забележаа пад, заради загриженоста околу динамиката на побарувачката и инфлацијата.**







Извор: Блумберг.

[18] Анализата се заснова врз Comodity Market Review, април и мај 2011, Светска банка.

## *5. МОНЕТАРНИ АГРЕГАТИ*

**Во април 2011 година, примарните пари[19] забележаа годишен раст од 10,2% (7,6% во март 2011 година), при истовремен раст на двете компоненти.** Така, вкупните ликвидни средства на банките во април на годишна основа се зголемија за 9,9% (10% во претходниот месец), додека годишниот раст на готовите пари во оптек изнесуваше 10,7% (наспроти 4,2% во март). На месечна основа, примарните пари се повисоки за 5,4%, што се должи на истовремениот пораст на вкупните ликвидни средства на банките (за 5,1%) и на готовите пари во оптек (за 5,9%). Нето девизната актива на НБРМ на месечна основа се намали за 883 милиони денари, а нето домашната актива се зголеми за 3.428 милиони денари.

Анализирано од аспект на тековите на креирање и повлекување примарни пари, во април, денарските депозити на државата придонесоа за повлекување примарни пари (од 2.765 милиони денари). Девизните трансакции на НБРМ придонесоа за креирање примарни пари, при што ова целосно се должи на остварената нето-продажба на девизи од страна на државата на НБРМ (од 3.167 милиони денари). Во трансакциите со банките-поддржувачи НБРМ оствари нето-продажба на девизи од 926 милиони денари. Анализата на инструментите, покажува дека благајничките записи на НБРМ придонесоа за креирање примарни пари (од 3.940 милиони денари), додека записот за шестмесечен депозит кај НБРМ доведе до намалување на примарните пари (од 940 милиони денари).

На збирна основа, во рамки на периодот јануари-април 2011 година, девизните трансакции на НБРМ преставуваа тек на креирање примарни пари, што во целост се должи на оствареniот нето-откуп на НБРМ од страна на државата (од 829 милиони денари). Во трансакциите со банките-поддржувачи, НБРМ оствари нето-продажба на девизи од 434 милиони денари на збирна основа. Од друга страна, денарските депозити на државата придонесоа за повлекување примарни пари (од 695 милиони денари). Од аспект на инструментите, благајничките записи на НБРМ претставуваа тек на креирање примарни пари во износ од 10.017 милиони денари, додека записот за шестмесечен депозит кај НБРМ доведе до намалување на примарните пари од 9.530 милиони денари.

**Во април 2011 година, вкупниот депозитен потенцијал на банките (со вклучени депозитни пари)[20] забележа месечен пад од 1.176 милиони денари, или 0,5%, (наспроти растот од 0,6%, во претходниот месец).** Притоа, месечното намалување на вкупните депозити е главно резултат на падот на девизните депозити од 1% (учество од 90,7% во падот на вкупните депозити), при минимален пад на денарските депозити од 0,1%. Негативната месечна промена на вкупните депозити на банките го одразува влијанието на вонредни фактори, со еднократен ефект, имајќи предвид дека во овој месец беше остварена исплата на дивиденда на една поголема компанија кон државата и странскиот инвеститор. Следствено, депозитите на приватните претпријатија забележаа голем месечен пад од 6,6%, наспроти растот од 1,3% во претходниот месец. Кај домаќинствата е забележано забрзување на месечната стапка на раст од 1,5% (наспроти 0,6% во претходниот месец), при што определен ефект врз овој раст имаше

[19] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот на ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари). Без девизната задолжителна резерва, примарните пари во април 2011 година се повисоки за 10,5% на годишна основа.
[20] Почнувајќи од јануари 2009 година, депозитите вклучуваат и пресметана камата.

исплатата на редовната рата на обврзницата за старото девизно штедење. Од аспект на рочната структура, кај краткорочните депозити е забележан месечен пад од 2,6% (наспроти растот од 0,4% во март), при забавен месечен раст на долгорочните депозити од 1,2% (наспроти 2% во претходниот месец).













Извор: Народна банка на Република Македонија.

Вкупни депозити

| | Состојба на 31.03.2011 година | Состојба на 30.04.2011 година | Месечна промена во април 2011 година | Годишна промена во март 2011 година | Годишна промена во април 2011 година | Придонес во месечниот пораст на вкупните депозити | Придонес во годишниот пораст на вкупните депозити |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. денари | | во % | | | април 2011 година | |
| Вкупни депозити | 216,220 | 215,044 | -0.5 | 12.4 | 9.6 | 100% | 100% |
| Денарски* | 105,381 | 105,271 | -0.1 | 17.2 | 14.5 | 9.3 | 71.1 |
| Девизни | 110,839 | 109,773 | -1.0 | 8.1 | 5.2 | 90.7 | 28.9 |
| Депозити на домаќинства | 149,003 | 151,307 | 1.5 | 14.0 | 14.5 | -195.9 | 102.4 |
| Денарски* | 60,685 | 62,470 | 2.9 | 27.6 | 27.4 | -151.7 | 71.6 |
| Девизни | 88,318 | 88,837 | 0.6 | 6.3 | 7.0 | -44.2 | 30.8 |
| Депозити на претпријатија од приватен сектор | 52,591 | 49,112 | -6.6 | 11.3 | -1.1 | 295.8 | -2.9 |
| Денарски* | 31,698 | 29,936 | -5.6 | 6.1 | -0.3 | 149.8 | -0.5 |
| Девизни | 20,893 | 19,176 | -8.2 | 20.3 | -2.3 | 146.0 | -2.5 |

* Денарските депозити се со вклучени депозитни пари.

Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Годишната стапка на раст на вкупните депозити кај банките во април 2011 година забави до 9,6%, наспроти растот од 12,4% во претходниот месец.** Ваквата динамика на годишна основа може да се објасни со поголемиот одлив на средства од банките за исплата на дивиденда во текот на април, како и повисоката споредбена основа, имајќи во предвид дека во 2010 година исплатата на дивидендата се оствари во јули. Од аспект на валутната структура на вкупните депозити, кај денарските депозити продолжи забавувањето на годишните стапки на раст што започна од крајот на 2010 година, при што во април изнесува 14,5%, наспроти 17,2% во претходниот месец. Исто така, и кај девизните депозити е забележано забавување на годишниот раст од 5,2%, наспроти 8,1% во претходниот месец. Од секторски аспект, кај депозитите на приватните претпријатија е забележан годишен пад од 1,1% (како резултат на еднократниот ефект - исплата на дивиденда), наспроти растот од 11,3% во март. Кај депозитите на домаќинствата е забележано забрзување на годишниот раст од 14,5%, наспроти 14% во претходниот месец, што преставува прекин на забавувањето на годишните стапки на раст што започна од крајот на претходната година. Кај рочните компоненти на вкупните депозити е забележано забавување на годишните стапки на раст, и тоа кај краткорочните од 2,5%, додека кај долгорочните  депозити од 35,7%, наспроти 7,6% и 39,1%, соодветно во претходниот месец.












Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Во април 2011 година, годишната стапка на раст на најшироката парична маса М4[21] изнесува 9% (наспроти 11,4% во претходниот месец), при што се очекува дека до крајот на вториот квартал (според априлската проекција) годишниот раст ќе изнесува 8,6%.**

Парична маса М4

Придонес во годишниот пораст (во процентни поени)




Годишни стапки на раст (во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

## *6. КРЕДИТИ НА БАНКИТЕ*

**Во април, вкупните кредити на банките кај приватниот сектор забележаа зголемување од 1.665 милиони денари, или за 0,9% на месечна основа, што преставува забавување во однос на месечниот раст во претходниот месец којшто изнесуваше 1,4%.** Месечниот раст на вкупните кредити во целост произлезе од растот на денарските кредити (од 1,2%), при месечен пад на девизните кредити од 0,1%. Од аспект на поодделните сектори, новото кредитирање во април, во најголем дел, беше

[21] Анализата се однесува на паричната маса М4 со вклучена пресметана камата на депозитните обврски.

насочено кон корпоративниот сектор (со учество од 61,8% во вкупните кредити), чиишто кредити оствариja месечен раст од 0,9%, наспроти 1,5% во претходниот месец. Кај кредитите на домаќинствата исто така е забележано забавување на месечниот раст од 0,8%, наспроти 1,1% во март. Од аспект на рочноста на вкупните кредити, кај краткорочните кредити е забележан раст од 0,3%, наспроти падот од 1% во претходниот месец, додека кај долгорочните кредити има забавување на месечниот раст од 1,1%, наспроти растот од 2,6% во март.



Вкупни кредити, месечни стапки на промена, во %



Кредити по сектори, месечни стапки на промена, во %



Кредити на претпријатија, месечни стапки на промена, во %



